**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Собранието на Друштвото на својата годишна седница одржана на ден 29.03.2013 година ја донесе следната:

## Предлог Одлука
### за избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

**Член 1**

Собранието на Друштвото ја констатира оставката на:

- **Г-дин Даниел Сас,** државјанин на Република Унгарија, од позицијата член на Одборот на директори на Друштвото, со важност почнувајќи од 08.04.2013 година, и
- **Г-дин Кристофер Марк Матхајзен,** државјанин на Соединетите Американски Држави, од позицијата неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со важност почнувајќи од 01.04.2013 година.

Собранието на Друштвото ги избира:

- **Г-дин Тило Куш**, државјанин на Република Германија, за член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 08.04.2013 година, и
- **Г-дин Михај Немет**, државјанин на Република Унгарија, за неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 01.04.2013 година.

Податоците за новите кандидати во писмена форма се достапни на акционерите најдоцна 7 дена пред одржување на годишната седница на Собранието, согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

**Член 2**

Собранието на Друштвото констатира дека мандатот на:

- **Г-дин Борис Ставров**, државјанин на Република Македонија, од позицијата неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, е истечен на 04.12.2012 година.

**Член 3**

Мандатот на избраните членови на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

**Член 4**

Се овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги превземе сите потребни дејствија за спроведување на оваа Одлука за упис во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**